Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-290/7
__________ година
24-09-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-290/1 од 04.03.2024 година, за заштита од дискриминација поднесена од Граѓанска организација Легис – Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на државјанство сторена од Министерството за внатрешни работи врз лица со странско државјанство баратели на азил или привремена заштита, во обласата на пристап до добра и услуги.

### Образложение

На 04.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08-290/1, од страна на подносителот Граѓанска организација Легис – Скопје, со седиште на ул. Цветан Димов 4-1/5, Скопје, за сторена дискриминација врз основ на државјанство, во обласата на пристап до добра и услуги.

Подносителот наведува дека поднесува претставка за дискриминација заради разликување, ограничување, исклучување и давање првенство на баратели на азил и/или привремена заштита за лица бегалци од Украина со посебни терцијали акти, донесени од страна на Министерството за внатрешни работи на РСМ. Во таа насока, подносителот истакнува, односно потсетува дека сите баратели на азил во РСМ поднесуваат барања за азил и/или привремена заштита согласно Законот за меѓународна заштита и азил за кои одлучува Секторот за азил и имиграции при Министерството за внатрешни работи. Се наведува дека на 25.07.2023 г. Владата на Република Северна Македонија донела Одлука за привремена заштита на Украинци, со која го упатува Министерството за внатрешни работи/сектор азил и миграции да доделува статус на привремена заштита на сите Украинци кои престојуваат во државата и бараат таков статус по брза постапка. Владата во Одлуката се повикува на Законот за меѓународна и привремена заштита и го упатува Министерството да ја спроведе Одлуката. Подносителот истакнува дека според Законот за меѓународна и привремена заштита, ваквата Одлука ги става во подредена положба и предизвикува нееднаков третман на сите баратели на азил и/или супсидијарна и привремена заштита кои побарале заштита во државата под еднакви услови како и државјаните на Украина. Одлуката се однесува само на една група на баратели на азил заради прогон или војна во државата од која потекнуваат. Се наведува дека со почетокот на бегалската и хуманитарна криза во 2015 година, па до денес, Владата нема донесено посебни и/или приоритетни Одлуки од овој тип за лица кои доаѓаат од држави чии што

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

државјани се или биле предмет на прогон заради војна. Како пример, подносителот ги наведува војните во: Сирија, Ирак, Авганистан и, моменталната војна/окупација во Палестина, Нигерија, Јемен, Нигер и други држави во светот. Според подносителот, со предметната Одлука, Министерството е ставено во позиција да дава приоритет на баратели на азил и привремена заштита и со тоа, оневозможува еднаков пристап до постапка за утврдување на овој статус за барателите на азил кои во просек чекаат минимум 9 месеци за Одлука од Секторот за азил и имиграции и кои најчесто се одбиени за овој статус. Тоа дополнително ги изложува барателите да поднесуваат тужби до Управниот Суд во првостепена постапка и понатаму, Вишиот Управен суд во второстепена постапка која трае во просек и до 2 години без никаков статус, лични документи и пристап до права. Според сознанија на подносителот, ниту едно лице кое побарало азил и/или супсидијарна или привремена заштита од исти причини како државјаните на Украина не добиле еднаков третман од страна на Секторот за азил и имиграции при ова Министерство, затоа што Одлуката се однесува исклучиво само за државјани на Украина.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со Барање бр. 08-290/4 на 22.03.2024 година, побара од Министерството за внатрешни работи да се изјасни за наводите во претставката.

До Комисијата на 15.05.2024 година се доставен е одговор заверен под бр. 08-290/6 од Министерството за внатрешни работи, во кој се изјаснуваат за наводите во претставката.

Во одговорот се истакнува дека „барател на право на азил е странец кој бара меѓународна заштита од Република Македонија, кој искажал намера или поднел барање за признавање на право на азил, за кое не е донесена конечна одлука во постапката за признавање право на азил. Барање за признавање право на азил е барање поднесено од странец, кое може да се разбере како барање за меѓународна заштита.“. Понатаму, истакнуваат дека во случај на масовен прилив на лица кои непосредно доаѓаат од држава во која нивните животи, безбедност или слобода се загрозени со војна, граѓанска војна, окупација, внатрешен конфликт пропратен со насилство или масовно кршење на човековите права, Владата може да им даде привремена заштита. Владата, пред истекот на периодот од привремената заштита, го преиспитува постоењето на околностите и одлучува за продолжување или прекин на привремената заштита. Привремената заштита во трае една година, а вкупното траење на привремената заштита не е подолго од три години. Истакнуваат дека врз основа на наведеното јасна е разликата меѓу овие два поими, за разлика од претставката каде се изедначуваат истите. Наведуваат дека во Законот за меѓународна и привремена заштита е јасно и конкретно предвидена процедурата/постапката за поднесување на барање за признавање право на азил во РСМ, како и процедурата за привремена заштита во РСМ. Па следствено, истакнуваат дека од појаснувањето произлегува дека нема дискриминација во однос на државата на потекло односно на државјанството ниту за баратели на право на азил ниту за лица

под привремена заштита. При тоа, истакнуваат дека треба да се има во предвид и фактот дека во одлуката на Владата на РСМ се наведени не само државјани на Украина, туку и лица без државјанство, странски државјани на кои им е одобрен азил или еквивалентна национална заштита во Украина и на членови на нивни семејства на кои им е одобрен престој во Украина и на странски државјани на кои им е одобрен важечки постојан престој или привремен престој во Украина и кои не можат да се вратат во земјата на потекло. Посочуваат дека Владата на Република Северна Македонија одлуката ја носи на 25.07.2023 година и истата е објавена во службен весник на 08.08.2023 година и при тоа треба да се има во предвид дека на 04.03.2022 година Советот на Европа има донесено одлука за давање на привремена заштита на лицата кои бегаат од воениот конфликт од Украина, а во средината на ноември 2023 година Советот на Европа ја продолжил заштитата најмалку до март 2025 година. Оттука, Република Северна Македонија само го следела примерот на земјите од Европа и Западен Балкан. Исто така, наведуваат дека треба да се има во предвид дека Законот за меѓународна и привремена заштита е донесен врз основа на европските директиви во областа на азилот, односно меѓународната заштита, притоа наведувајќи ги директивите на Европската Унија.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).".

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Индиректна дискриминација согласно член 8 став 2 од Законот, постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни.

Согласно член 4 став 1 точка 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „„Легитимна и објективно оправдана цел" е целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат.".

Привремена заштита согласно член 2 став 1 точка 3 од Законот за меѓународна и привремена заштита („Службен весник на РМ" бр. 64/2018), е заштита доделена во посебна постапка во случај на масовен прилив или непосредна опасност од масовен прилив на раселени лица од трети земји, кои не можат да се вратат во нивната земја на потекло, особено ако постои ризик постапката за признавање право на азил да не може да се спроведе поради масовниот прилив, а во интерес на раселените лица и други лица кои бараат меѓународна заштита. Додека пак, согласно точка 4 од став 1 на истиот член, „Масовен прилив" или „непосредна опасност од масовен прилив" е непосредно пристигнување на голем број на раселени лица кои доаѓаат од конкретни земји или географски подрачја без оглед дали нивното доаѓање е спонтано или помогнато.

Членот 82 од Законот за меѓународна и привремена заштита уредува:

„(1) Во случај на масовен прилив на лица кои непосредно доаѓаат од држава во која нивните животи, безбедност или слобода се загрозени со војна, граѓанска војна, окупација, внатрешен конфликт пропратен со насилство или масовно кршење на човековите права, Владата може да им даде привремена заштита.

(2) Владата, пред истекот на периодот од привремената заштита, го преиспитува постоењето на околностите од ставот (1) на овој член и одлучува за продолжување или прекин на привремената заштита.

(3) Привремената заштита во Република Македонија трае една година. Вкупното траење на привремената заштита не е подолго од три години.".

Комисијата, имајќи го во предвид горенаведеното, подеднакво ценејќи ги наводите во претставката и во одговорот на Министерството за внатрешни работи, едногласно не утврди дискриминација во смисла на член 6, а во врска со член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, сторена врз група на лица врз основ на државјанство.

Имено, Комисијата не најде дискриминација во мерките на Владата на РСМ со донесувањето на Одлуката за давање на привремена заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина („Службен весник на РСМ" бр. 168/2023) и следствено во постапувањето на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Одлуката. Ова од причини што, донесувањето на Одлуката и обезбедувањето на привремената заштита на лицата од Украина е во согласност со Законот за меѓународна и привремена заштита. Воспоставувањето на привремена заштита за овие лица во согласност со наведениот Закон, претставува легитимна цел, односно привремената заштита е воспоставена врз основа на проценка на моменталната состојба со прилив на лица од Украина, имајќи го во предвид воениот конфликт во

Украина и одлучувањето на Советот на Европа во насока на доделување привремена заштита на лицата кои доаѓаат од Украина. Па оттука, легитимната цел е прецизно определена во членот 2 став 1 точка 3 и во врска со членот 82 од Законот за меѓународна и привремена заштита, односно соодветствува со реалната потреба за обезбедување привремена заштита на лица од Украина, а средствата се пропорционални на ефектот што се сака да се постигне.

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
*- Граѓанска организација ЛЕГИС Скопје ул. Цветан Димов бр.4-1/5, Скопје*
*- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје*
*- Архива на Комисијата*